| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | „Промените на природата во есен“ |
| **Содржина на денот** | Дрвото во есен |
| **Возраст** | 3-4 години. |
| **Воспитувач** | Александра Дедес Трајковски |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Со децата постојано треба да се зборува и разговара за значењето на личната хигиена ,за правилното миење на рацете ,и користењето на средствата за дезинфекција на рацете. |
| **Активности** | За успешно реализирање на активноста ,најдобро би било активноста да се започне со прошетка во природа.<br>За време на прошетката ќе го поттикнуваме детето да ги разгледува, набљудува и опишува дрвјата (слика 1,2,3 и 4 ). Може да поразговараме со детето за изгледот на дрвјата, какви се гранките, каква е бојата на листовите итн.<br>По прошетката и набљудувањето на природата, активноста ќе ја продолжите во домот. На детето ќе му дадете на понуда темперни бои, ќе му дозволите и ќе му дадете само да ги одбере боите кои ги забележало при набљудувањето на дрвјата. Земете еден бел лист од блок на кој ќе го насликате „Дрвото во есен“.<br>За оваа активност ќе ви биде потребно и една штипка и пом пом топчиња или пак топчиња од памук со кои детето ќе печати со темперните бои на листот од блок (види слика 5 и 6 ).<br>Верувајте дека оваа активност ќе го задржи детското внимание и тоа ќе ужива во истата. |